( Образец ПП……)

До: ОПШТИНА Битола
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 28-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 57 | | |

1536

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:///
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република С. Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Детален извештај за активностите во последните три години на Локалниот совет за превенција.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола, 28.03.2025 година** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение правно нормативни работи
Стефанија Боцевска

Бр.11-57/2
04.04.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-57/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примив:
04.04.2025

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
Одделение за правно - нормативни работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 09-04-2025
Број | Прилог | Вредност

09-04-2025

Бр.10-сл./1
04.04.2025 год.
Б и т о л а

До

- Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер-
-Емилија Илиевска-

ПРЕДМЕТ: **Одговор на Барање,**
**Врска: Ваш бр.11-57/2 од 04.04.2025 година**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено, под Бр.11-57/2 од 04.04.2025год., од лицето [redacted] достава на детален извештај за активностите во последните три години на Локалниот совет за превенција.

Во врска со бараната информација Ве известуваме дека на Советот на Општина Битола донесено е Решение за именување на членови во Локалниот Совет за превенција, Бр.09-15/22 од 20.02.2023год., објавено во Сл.Гласник на Општина Битола Бр.03/2023, додека на 52-рата седницата која е закажана за ден 08.04.2025 година, ставена е точка на дневен ред – Решение за изменување на решението за именување членови во Локалниот Совет за превенција.

Во врска со активностите на локалниот Совет за превенција и одражни состаноци можете да се обратите до Секторот за еконмски развој, јавни дејности и информатичка технологија.

Во прилог Ви ги доставуваме

-Решението за именување на членови во Локалниот Совет за превенција, Бр.09-15/22 од 20.02.2023год., објавено во Сл.Гласник на Општина Битола Бр.03/2023, и

-Дневниот ред за 52-рата седницата на која е ставена е точка на дневен ред – Решение за изменување на решението за именување членови во Локалниот Совет за превенција

Со почит,

Раководител
Благица Василевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 358 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Се објавува Решението за именување членови во Локален Совет за превенција, донесено на седницата на Советот на општината Битола одржана на 20.02.2023 година.

Бр. 08-179/20
21.02.2023 год.
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02), член 11 од Законот за полиција („Сл.весник на РМ“ бр.114/06...64/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.02.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за именување членови во Локален Совет за превенција

1. Во Локалниот Совет за превенција, се именуваат:

- Градоначалник на Општина Битола – Тони Коњановски
- Претседател на Совет на Општина Битола – Габриела Илиевска
- Началник на Сектор за внатрешни работи Бенито Јошевски
  - Командир на Полициска станица од општа надлежност – Влатко Атанасовски
  - Командир на ПС за БПС – Зана Богоевски
  - Началник на одделение за полиција – Џелал Топаловски
  - Отсек за превенција – Ките Трајковски
  - Началник на ОКРА – Горан Соколовски
  - Потпарол на СВР Битола – Сања Стаматова
- Раководител на Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија Снежана Петровска
- Јавно Обвинителство на Основно Јавно Обвинителство Благој Димовски
- Основен Суд Битола – Дејаноска Силвана
- Правобранителство – Сузана Јусуфовска државен советник во ПК Битола
- Командир на ТППЕ Горан Димкоски
- Координатори на советнички групи
  - Габриела Илиевска
  - Бојан Бојковски
  - Методија Илиевски
  - Горан Велевски
  - Анастасија Трајковска
  - Мерита Исмајловска
- Клиничка Болница - Фросина Лозановски
- ЈЗУ „Здравствен Дом“ Битола – Благоја Лазаров
- Центар за култура - Николче Ѓеорѓиевски
- Центар за социјална работа – Даниела Стерјева
- ЈП „Комуналец“ Мурговски Игор
- ЈП „Пазари“ – Александар Јовковски
- КЈП „Нискоградба“ – Филип Радивчев
- ЈКП „Водовод“ - Пеце Милевски
- ЈП „Македонски шуми“ – Пецо Мицевски
- Претставници на Урбани заедници
  - УЗ „Велко Влаховиќ“ – Владо Блажиќ 071 583-115
- Претставници од верски заедници
  - МПЦ - ОА Преспанско-пелагониска епархија Кице Велјановски 072 729-429

2. Решението влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-15/22
20.02.2023 г.
Битола

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

СОВЕТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА
Бр. 09-46/1
01.04.2025 год.
Б и т о л а

Врз основа на член 26 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) и член 56 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.15/05 и 20/20), ја

С В И К У В А М

52-рата седница на Советот на Општината Битола за ден 08.04.2025 година (вторник) со почеток во 10,оо часот.

Седницата ќе се одржи во салата за седници на Советот на Општината Битола, со предлог на следниот

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Комуналец" за 2024 год.
2. Извештај за работата на ЈП „Комуналец" Битола за 2024 год.
3. Извештај за реализација на Програмите за одржување на ЈЗП и јавна чистота во Општина Битола од ЈП „Комуналец"Битола за 2024 год.
4. Завршна сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба" за 2024 год.
5. Извештај за работата на КЈП „Нискоградба" за 2024 год.
6. Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Пазари" за 2024 год.
7. Извештај за работата на ЈП „Пазари" за 2024 год.
8. Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП „Водовод" за 2024 год.
9. Извештај за работата на ЈКП „Водовод" за 2024 год.
10. Завршна сметка за финансиското работење на ЈПСИЗ„Жабени" за 2024 год.
11. Извештај за работата на ЈПСИЗ„Жабени" за 2024 година.
12. Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за 2024 год.
13. Извештај за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола за 2024 год.
14. Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола за 2024 година.
15. Извештај за финансиското работење на ЈП за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз напатници во општина Битола за 2024 година.
16. Завршна сметка за финансиското работење на ЈОУ Културен и информативен центар Битола за 2024 год.
17. Извештај за финансиското работење и остварување на годишната програма за работата на ЈОУ Културен и информативен центар Битола за 2024 год.
18. Завршна сметка за финансиското работење на Меѓуопштинското јавно претперијатие ПЕЛАЛИНК Битола за 2024 год.
19. Извештај за финансиското работење и остварување на годишната програма за работата на Меѓуопштинското јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК Битола за 2024 год.

20. Завршна сметка за финансиското работење на Зоолошката градина – Битола за 2024 год.
21. Извештај за работата на Зоолошката градина – Битола за 2024 година
22. Завршна сметка за финансиското работење на Старски дом „Сју Рајдер“ – Битола за 2024 година.
23. Извештај за работата на Старски дом „Сју Рајдер“ – Битола за 2024 година.
24. Извештај за реализација на Програмата за одржување на комунални објекти, инсталации, локална патна мрежа и улиците во Општина Битола за 2024 година.
25. Извештај за реализација на Програмата за користење и одржување на улично осветлување во Општина Битола за 2024 година.
26. Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2024 година.
27. Извештај за реализација на Програмата за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Битола за сезона 2024/2025 година.
28. Годишен извештај за реализација на Програмата за еднавки можности за 2024 година.
29. Годишен извештај за реализација на Програмата за култура во Општина Битола за 2024 година.
30. Годишен извештај за реализација на Програмата за образование во Општина Битола за 2024 година.
31. Годишен извештај за реализација на Програмата за социјална заштита во Општина Битола за 2024 година.
32. Годишен извештај на Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола за 2024 година.
33. Годишен извештај за реализација на Програмата за активности во областа на спортот и младите во Општина Битола за 2024 година.
34. Извештај за активностите на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2024 година.
35. Извештај за реализација на Програмата за животната средина на подрачјето на Општина Битола за 2024 година.
36. Извештај за реализација на Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024 година.
37. Извештај за реализација на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2024 година.
38. Извештај за реализација на Програмата за туризам на Општина Битола за 2024 година.
39. Извештај за работата на Локалниот економско социјален совет на Општина Битола за периодот март 2024 – февруари 2025 година.
40. Акциски план на локален економски социјален совет на Општина Битола за 2025 година.
41. Програма за активностите на Општина Битола за ревитализација по елиминирање на кризи во областа на заштита и спасување.
42. План за заштита и спасување од природни непогоди, други несреќи во административните згради во Општина Битола.
43. Програма за изградба на отворени спортски игралишта во дворот на ООУ „Гоце Делчев“Битола на КП бр.12422/1 КО Битола 3 – Општина Битола.
44. Програма за изградба на отворени спортски игралишта во дворот на ООУ „Гоце Делчев“Битола на КП бр.12450/1 КО Битола 3 – Општина Битола.
45. Програма за изградба на отворени спортски игралишта во дворот на ООУ „Даме Груев“Битола на дел од КП бр.1763 КО Битола 4 – Општина Битола.
46. Програма за изградба на отворени спортски игралишта во дворот на ООУ „Тодор Ангелевски“Битола – Општина Битола.
47. Програма за изградба на отворени спортски игралишта во дворот на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“Битола на дел од КП бр.3040 КО Битола 4 – Општина Битола.

48. Одлука за користење на спортската сала „Боро Чурлевски“ и Фудбалскиот стадион „Петар Милошевски“ без надоместок.
49. Одлука за утврдување на реонот на основните училишта од кои се запишуваат учениците од подрачјето на Општина Битола.
50. Одлука за пренесување на правото на градење на ЈП „Стрежево“Битола.
51. Решение за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовник за изведување на градежни работи на КЈП Нискоградба Битола за потребите на Општина Битола.
52. Решение за давање согласност на Одлуката за донесување на Ценовник за изведување на градежни работи на КЈП Нискоградба Битола за потребите на Општина Битола – санација на гранитни плочки за ул.Широк Сокак и Стара Чаршија.
53. Решение за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Ценовник за изведување на градежни работи на КЈП Нискоградба Битола за потребите на граѓаните на Општина Битола – канализациони објекти.
54. Решение за давање согласност на Одлука за поднесување на Барање за донесување на Одлука на Совет на Општина Битола за склучување на Договори на Општина Битола со КЈП Нискоградба Битола за реализирање на Програмата на Советот на Општина Битола за изведување на градежни работи за санација на гранитни плочки за ул.Широк Сокак и Стара Чаршија со примена на член 24 од ЗЈН.
55. Информација за безбедносната состојба на подрачјето на ПС – ОН Битола во текот на второто полугодие од 2024 година.
56. Измена на Годишен план за вработување за 2025 година на ООУ „Ѓорѓи Суагрев“Битола.
57. Решение за давање согласност на Одлуката за линеарно зголемување на платите во КЈП „Нискоградба“Битола во нето износ од 1.812 ден., или за 390 бодови за секој вработен.
58. Решение за изменување на Решението за именување членови во Локален Совет за превенција.
59. Решение за разрешување на член во Управниот одбор на МЈП Пелалинк Битола.
60. Решение за разрешување и именување на член во Училишен одбор на ООУ „Тодор Ангелевски“Битола.
61. Решение за именување на претставник од Министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на ЈОУ Детска Градинка „Естреја Овадија Мара“Битола.

Молам за присуство на седницата, а за евентуална спреченост јавете се на телефон 234-234.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-57/4
09.04.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **28.03.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-57/2025** од **28.03.2025 година**, за информација за извештај за активностите во последните три години на Локалниот совет за превенција.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барател [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-57/2025 на ден 28.03.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација за извештај за активностите во последните три години на Локалниот совет за превенција.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-57/1 од 28.03.2025
2.Допис до Одделение за правно нормативни работи со бр.11-57/2 од 04.04.2025
3.Одговор од Одделение за правно нормативни работи со бр.11-57/3 од 09.04.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 09.04.2025 година, под бр. 11-57/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

_______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА